**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП-I бр. 25–144
09 -09- 2014 .09. 2014 година
С к о п ј е

Министерот за економија врз основа на член 24 став (4) од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/06, 63/07, 24/11, 51/11, 148/11 и 164/13) и член 4 од Уредбата за постапката за донесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена сообразност („Службен весник на Република Македонија“ бр.157/07) , постапувајќи по барањето на правното лице Друштво за технички испитувања, сертификација и технички преглед ТЦИ ЕуроЦерт ДОО-Скопје, УП-I бр.25–144 од 22.08.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за овластување за вршење на оцена на сообразност**

1.СЕ ОВЛАСТУВА Друштвото за технички испитувања, сертификација и технички преглед ТЦИ ЕуроЦерт ДОО-Скопје, за вршење на оцена на сообразност за поединечна верификација и испитување на тип на:
-сервисни лифтови, лифтови за превоз на стоки, сите видови платформи, ескалатори и транспортери за луѓе, сите видови кранови и дигалки, средства за подигнување, помошни уреди и прибор за подигнување, вериги и јажиња, индустриски транспортери и рударска опрема (багери, одлагачи, претоварни станици, транспортни мостови и дупчалки),
согласно член 11 од Правилникот за безбедност на машини („Службен весник на Република Македонија“ бр.123/09, 113/11 и 103/12).

2. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување и ќе важи до исполнување на условите од член 24 став 1 и 22 од Законот за безбедност на производите.

3. Правното лице доколку изврши промени на условите или престанало да ги исполнува условите од точка 2 на ова решение, должно е да го извести Министерството за економија најдоцна 15 дена од денот на настанатата промена.

4. Со влегување во сила на ова решение, престанува да важи решението бр. 25-4933/2 од 26.05.2011 година

## О б р а з л о ж е н и е

Друштво за технички испитувања, сертификација и технички преглед ТЦИ ЕуроЦерт ДОО-Скопје, до Министерството за економија поднесе барање УП-I бр.25–144 од 22.08.2014 година за донесување на Решение за овластување за вршење на оцена на сообразност за поединечна верификација и испитување на тип, согласно Законот за безбедност на

производи и Правилникот за безбедност на машини во рамки на опсегот за акредитација за: сервисни лифтови, лифтови за превоз на стоки, сите видови платформи, ескалатори и транспортери за луѓе, сите видови кранови и дигалки, средства за подигнување, помошни уреди и прибор за подигнување, вериги и јажиња, индустриски транспортери и рударска опрема (багери, одлагачи, претоварни станици, транспортни мостови и дупчалки). Барањето е поднесено поради кадровски промени и продолжување на важноста на сертификатот за акредитација до 28.01.2018 година.

Со барањето доставена е следната документација:
-Решение за упис издаден од Централниот регистар на Република Македонија со деловен бр. 30120090050908;
-Доказ за тековната состојба на правното лице од трговски регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија бр. 0809-50/150120140039376 од 30.05.2014 год;
-Полиса за осигурување од одговорност од дејност, издадена од Осигурителна полиса АД Скопје со бр. 130280002736 со важност до 27.01.2015;
-Доказ за техничка опременост (изјава) со бр. 03-212/2 од 15.08.2014 година;
-Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех бр. 0904-50/150120140029898 од 24.04.2014 година;
-Сертификатот за акредитација со Прилог за опсегот на акредитација на инспекциско тело Бр. ИТ–024, издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија на 29.01.2014 година;
-Докази за вработениот стручен кадар: Златко Самарџиоски дипл. маш. инж., Драган Антовски дипл. електро инж., Горан Николовски дипл. маш. инж., Никола Поцев дипл. маш. инж., Илчо Трајаноски дипл. маш. инж., Александар Нојков дипл. маш. инж.

Согласно доставената документација се одлучи како во Диспозитивот на Решението.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение незадоволната странка има право на жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**МИНИСТЕР,**
**Bekim Neziri**

**ДОСТАВЕНО ДО :**
- **подносител на барањето**
- **ДИТИ**
- **ДПИ**
- **ИАРМ**

- изработил: Соња Мишиќ Алексовски
- контролирал: Јане Шапардановски
- согласен: Саша Шиндилоски
- одобрил: Билјана Д. Стојановска